ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, постапувајќи по предлог на стечајниот управник Ацо Петров од Скопје за свикување на Собрание на доверители, на ден 27.09.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на стечајниот управник за свикување на Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАКАЖУВА Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, за ден 28.10.2024 година во 12,00 часот во просториите на Основен суд Велес, во судница бр.4 со следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Донесување одлука за прифаќање на понуда за продажба на недвижен имот според постигната понудена цена од спроведената електронска аукција.

Да се објави оглас на огласна табла на судот, во Службен весник на РСМ, на веб страната на ЦР на РСМ и во еден дневен весник.

## О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд во тек е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, отворена со Решение СТ.бр.24/2021 од 31.08.2021 година.

Врз основа на одлука на Извештајното Собрание на доверители и одлука на Одборот на доверители, а согласно чл.98 и чл.99 од Законот за стечај, од страна на стечајниот управник на ден 06.09.2024 година во дневен весник Нова Македонија е објавен оглас за прва продажба на имотот на должникот, по пат на електронска продажба без почетна цена, која беше закажана и се одржа на ден 23.09.2024 година.

Стечајниот управник до судот на ден 26.09.2024 година достави предлог за свикување на Собрание на доверители по спроведена постапка на електронска продажба, со која го извести судот дека на одржаната електронска аукција е постигната највисока понуда.

При ваква состојба, следуваше стечајниот судија да одлучи како во изреката на решението, а согласно чл.46 ст.1 т.1 в.в. со чл.99 ст. 2 од Законот за стечај. Одлуката за јавно објавување е донесена согласно чл.45 ст.2 в.в. со чл.10 ст.3 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ.бр.24/2021 од 27.09.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение не е дозволена посебна жалба

ДН. стечаен управник Ацо Петров од Скопје
огласна табла и веб сајт на судот
ЦР на РСМ Велес
оглас во Службен весник на РСМ
оглас во еден дневен весник